**ЕВАЛУАЦИЈА НА АРТЕРИСКАТА ХИПЕРТЕНЗИЈА СО ХОТМАН СИСТЕМ**

Од неодамна во Првата општа болница РеМедика во евалуацијата и следењето на пациентите со артериска хипертензија се применува
неинвазивен хемодинамск и мониторинг – т.н.Хотман систем.

**Што е тоа Хотман систем?**

Хотман системот е метода која овозможува мониторирање на комплетен хемодинамски и кислороден транспорт. Се базира на неинвазивна технологија користејки ја торакалната електрична биоимпеданца која овозможува континуирано следење на кардиодинамиката, крвниот проток, левовентрикуларната функција како и респираторните параметри.

**Како се изведува мониторирањето на пациентите ?**

Методата е неинвазивна , собирањето на податоци е овозможено од четири пара сетови на многу осетливи електроди кои се аплицираат во пределот на вратот и градите на пациентот. Пациентот е во лежечка положба, релаксиран, а добиените податоци за секој срцев циклус се испишуваат на самиот монитор.

**Кои се индикациите за изведување на овој мониторинг?**

Во кардиологијата Хотман системот се применува за ;
-евалуација и следење на пациенти со артериска хипертензија.
-кај пациенти со хронична срцева слабост дава подршка за точно тераписо решавање во најкраток рок.

За да се копмлетира мониторингот, Хотман системот обезбедува информации за причините за абнормалностите во хемодинамиката и перфузијата кај пациентот. На тој начин доаѓаме до прецизно дијагностицирање на причината за настанување на покачениот крвен притисок или состојбата која довела до манифестна срцева слабост.

Евалуацијата и следењето на пациентите со артериска хипертензија со Хотман системот нуди повеќекратни бенефити :

- За лекарите драгоцена алатка за прецизно дијагностицирање
- За пациентите добивање на прилагодлива за нив терапија , а со тоа и подобар квалитет на живеење
- За здравствениот систем заштеда на средства поради намалување на трошоците за дијагностицирање и лекување на болеста.

Др. Лидија Паланова
Спец. интернист